Врз основа на член 46 став 5 од Законот за пожарникарството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04 ), директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗБОРОТ НА ВИДОВИТЕ И НА КОЛИЧИНИТЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ АПАРАТИ СО КОИ ТРЕБА ДА РАСПОЛАГААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА И ГРАЃАНИТЕ, КАКО И ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ШТО ВРШАТ СЕРВИСЕН ПРЕГЛЕД И КОНТРОЛНО ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ АПАРАТИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати кои се однесуваат на техничката опрема и просторот за работа.

### Член 2

Одделните изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

- противпожарен апарат е направа која овозможува исфрлање на средство за гаснење на пожар;
- рачен противпожарен апарат е апарат чија маса во наполнета состојба не е поголема од 20кг. со исклучок на апаратите за гасење со вода и воздушна пена чија маса во наполнета состојба може да изнесува до 25кг.и
- превозен противпожарен апарат е апарат кој е обезбеден со тркала за ( рачен) превоз и чија маса во наполнета состојба не е поголема од 260 кг.

## II. ИЗБОР НА ВИДОВИТЕ И НА КОЛИЧИНИТЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ АПАРАТИ ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАР СО КОИ ТРЕБА ДА РАСПОЛАГААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА И ГРАЃАНИТЕ

### Член 3

Изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати за гаснење на пожар во објекти се врши согласно видовите на пожарот кој може да настане на определено пожарно оптоварување на објектот и неговата површина.

Бројот на противпожарните апарати за гаснење на пожар од став 1 на овој член е одреден и прикажан во Табела бр. 1 која е приложена кон овој правилник и е негов составен дел.

### Член 4

Во објект или дел на објект во кој пожарното оптоварување е високо, на секои 500м2 , на бројот на противпожарните апарати за гаснење на пожар од Табела бр.1 се додава по еден превозен апарат ( со прав за гасење од 50 кг. или воздушна пена 50 литри) од ист вид на одредените рачни противпожарни апарати.

Член 5

Противпожарните апарати за гаснење на пожар се поставуваат и во објекти или делови на објекти во кои се вградени стабилни инсталации за гаснење на пожар и хидрантска мрежа.

Член 6

Изборот на видовите и на количините на противпожарни апарати за гаснење на пожар во моторни возила е одреден и прикажан во Табела бр. 2 која е приложена кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 7

Изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати за гаснење на пожар во моторни возила кои вршат превоз на опасни материи се одредува според прописите за превоз на тие материи.

Член 8

Противпожарните апарати за гаснење на пожар во моторните возила се поставуваат на вградени носачи за апаратот на видни и лесно пристапни места и заштитени од атмосферски влијанија.

## III. КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ШТО ВРШАТ СЕРВИСЕН ПРЕГЛЕД И КОНТРОЛНО ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ АПАРАТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И ПРОСТОРОТ ЗА РАБОТА

Член 9

Правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарни апарати (во натамошниот текст: правни лица) треба да имаат:

- соодветен простор за работа и
- техничка опрема пропишана со овој правилник.

Член 10

Просторот за работа во правните лица треба да биде таков да овозможува во сите временски услови сите предвидени дејствија да се извршат непречено и безбедно за вработените и да не постои опасност за загадување и деградирање на животната средина и природата.

Правните лица од став 1 на овој член треба да имаат одделни простории за:

- работа со јаглен двооксид;
- работа со прашак за гасење;
- чување на прашак за гасење и резервни делови за противпожарните апарати и
- полнење и празнење на противпожарните апарати.

Член 11

Правните лица треба да имаат техничка опрема за сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати и тоа:

- алат за општа намена (клучеви, клешти и др.);
- клешти за пломбирање со ознака за идентификација на овластен сервис;
- направа за перфорирање на сервис-картоните на определените места;
- момент клуч со потребни негови приклучоци за затегнување;
- вага за контрола на шишенцата со погонски гас со класа на точност 3 , со делови на 1 грам;

- вага за контрола на масата на полнењето и масата на преносните апарати , со класа на точност 3 , со делови на 10 грама;
- вага за контрола на масата на полнењето и масата на превозните апарати, со класа на точност 3 , со делови на 100 грама и со можност за мерење до 300 кг.;
- пумпа за преточување на јаглендвооксид со опрема за полнење на поедини типови и видови садови на противпожарни апарати;
- направа за испитување и регулација на сигурносните вентил;
- уред за полнење и ставање под притисок на апаратите под постојан притисок;
- метални шишиња со јаглендвооксид од 30кг-5 парчиња и
- резервни делови за сите видови на противпожарни апарати.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат одредбите на членовите 2,3,4,5 и 6 од Правилникот за одредување на бројот, видовите и одржувањето на рачни и превозни противпожарни апарати кои се во употреба (“ Службен весник на СРМ“ бр.15/87).

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1525/2
1 декември 2005 година
Скопје

Дирекција за заштита и спасување
Директор,
**Киро Атанасов,** с.р.

**Табела бр.1**

| **Реден број** | **Површина на објект (м$^2$)** | **Пожарно оптоварување** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ниско** | **средно** | **високо** |
| | | **до 1 ГЈ /м$^2$** | **до 2 ГЈ/м$^2$** | **над 2 ГЈ/м$^2$** |
| 1. | до 50 | 1 | 1 | 2 |
| 2. | од 51-150 | 1 | 2 | 2 |
| 3. | од152-200 | 2 | 2 | 3 |
| 4. | од 201-300 | 2 | 2 | 4 |
| 5. | од 301-500 | 2 | 3 | 5 |
| 6. | од 501-750 | 3 | 4 | 6 |
| 7. | од 751-1000 | 3 | 5 | 8 |
| 8. | од 1001-2000 | 4 | 6 | 10 |
| 9. | од 2001-3000 | 5 | 8 | 14 |
| 10. | од 3001-4000 | 6 | 10 | 18 |
| 11. | од 4001-5000 | 8 | 14 | 22 |
| 12. | од 5001-6000 | 10 | 16 | 30 |
| 13. | од 6001-7000 | 12 | 24 | 35 |
| 14. | од 7001-8000 | 16 | 30 | 45 |
| 15. | од 8001-9000 | 20 | 35 | 55 |
| 16. | од 9001-10000 | 24 | 40 | 70 |
| 17. | над 10 001 | 28 | 50 | 90 |

**Табела бр. 2**

| **Ред. бр.** | **Вид на моторно возило** | **Вид и големина на противпожарни апарати** | **Број (количина) на противпожарни апарати** |
|---|---|---|---|
| 1. | патнички моторни возила;<br>комби возила. | прашок АБЦ 2 кг | 1 |
| 2. | автобуси за градски, приградски и меѓуградски сообраќај | прашок АБЦ 3 кг и 6 кг | 1+1 |
| 3. | товарни моторни возила до 10 тони | прашок АБЦ 6 кг | 1 |
| 4. | товарни моторни возила над 10 тони | прашок АБЦ 6 кг | 2 |